**20180971807**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО(*)

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето (*),
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 мај 2018 година.

Бр. 08-3417/1
21 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО (*)

Член 1

Во Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2005, 47/2006, 42/2007, 86/2008, 72/10, 158/11, 119/13, 164/13, 152/15, 193/15 и 55/16), во членот 2 став 2 во точката 9) сврзникот „и“ се заменува со точка запирка.

Во точката 10) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По точката 10) се додава нова точка 11), која гласи:

„11) реплика на старинско оружје.“.

Во став 4 точката 5) се брише.

Во точката 6) која станува точка 5) по зборот „оружје“ се додаваат зборовите: „и муниција“.

Точката 7) станува точка 6).

Член 2

Во членот 4 став 5 точката 7) се менува и гласи:

„7) еднострелно долго огнено оружје со комбинирани цевки;“.

Точката 9) се менува и гласи:

„9) оружје со тетива и“.

По точката 9) се додава нова точка 10), која гласи:

„10) оружје (кусо или долго огнено оружје), кое се полни со црн барут од устата на цевката на оружјето и се пали со фитил, кремен или团 каписла.“.

---

* Со овој закон се врши усогласување со Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 2015/2403 на Комисијата од 15 декември 2015 година за утврдување на заеднички упатства за стандарди и техники за деактивирање за да се осигури дека деактивираното огнено оружје станува неповратно онеспособено, CELEX бр. 32015R2403

Ставот 6 се менува и гласи:
„Категорија Д-оружје што е потребно да се пријави и за кое се издава потврда:
1) пневматско оружје;
2) ладно оружје;
3) пеинт бол (Paint ball) и
4) аирсофт (Airsoft).“.

Член 3

Во член 7 по ставот 8 се додава нов став 9, кој гласи:

„Корисниците на дивечот на ловишта можат да набавуваат и поседуваат муниција за оружје со жлебени цевки најмногу до 200 куршуми во текот на календарската година за секое оружје наведено во дозволата за поседување на оружјето, а наменето за лов, освен ако се докаже дека постојат оправдани причини за набавување и поседување на поголема количина на муниција од пропишаната во текот на календарската година, односно ако согласно со евиденцијата на корисниците на дивечот на ловиштата докажат дека поседува помала количина на муниција од пропишаната.“.

Член 4

Во член 9 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 точка 1 на овој член, одобрение за набавување на кусо огнено оружје со жлебена цевка и долго огнено оружје со жлебена цевка на физичкото лице се издава врз основа на претходно поднесено писмено лично барање за издавање одобрение за набавување на оружје, ако физичкото лице има наполнето 25 години живот, освен ако лицето не е активен член на стрелачко друштво подолго од две години“.

Во ставот 2 кој станува став 3 зборовите: „потврда за положен ловечки испит, односно“ се бришат.

Ставовите 3, 4 и 5 стануваат ставови 4, 5 и 6.

Член 5

Во членот 12 став 1 алинејата 3 се менува и гласи:

„- постојат други околности кои укажуваат дека оружјето може да биде злоупотребено, а особено кога лицето е регистрирано во евиденцијата на надлежните органи за често и прекумерно консумирање алкохол или употреба на наркотични дроги и психотропни супстанции, потешко нарушување на односите во семејството, местото на живеење, образовната установа или на работното место, семејно насилство и слично.“.

Член 6

Во членот 13 став 2 во алинејата 1 зборовите: „и има потврда за положен ловечки испит“ се бришат, а по зборот „односно“ се додава зборот „има“.

Член 7

Во член 14 ставот 4 се менува и гласи:

„Овластувањето од ставот 3 на овој член со решение го издава Министерството за внатрешни работи, на правно лице кое има добиено одобрение за основање на цивилно стрелиште, во рок од шест месеци од денот на поднесување на барањето.“.

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Против решението со кое се одбива барањето за издавање овластување подносителот на барањето има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (во натамошниот текст: Комисијата), во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.“.

Ставот 5 станува став 6.

Ставот 6 кој станува став 7 се менува и гласи:

„Одредбата од ставот 2 на овој член не се однесува на припадниците на вооружените сили, вработените во Министерството за внатрешни работи, пензионираните работници од Министерството за внатрешни работи, службата за обезбедување на казнено–поправните установи и други работници на државни органи кои со посебни прописи се овластени или биле овластени да носат таков вид на оружје.”.

По ставот 7 се додава нов став 8, кој гласи:

„Одредбата од ставот 2 на овој член не се однесува и на припадниците на резервниот состав на полицијата, кои најмалку три години ги извршувале полициските работи.”.

Ставовите 7, 8 и 9 стануваат ставови 9, 10 и 11.

Член 8

Во член 14-е по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Доколку барателот има положено теоретски дел од испитот, истиот полага само практичен дел за видот на оружјето за кое има намера да поднесе барање за набавување.“.

Член 9

Во членот 15 став 3 зборот „полицијата“ се заменува со зборовите: „Министерството за внатрешни работи“.

Во ставот 5 по зборовите: „Министерството за внатрешни работи“ запирката се брише и се додаваат зборовите: „и работниците од Министерството за внатрешни работи кои биле овластени да носат оружје, пензионираните работници од вооружените сили и од службата за обезбедување на казнено-поправните установи, како и други работници на државните органи кои со посебни прописи биле овластени да носат оружје,“.

Член 10

Во членот 16 став 2 зборовите: „и кои ги исполнуваат условите од членот 9 став 1 точки 4 и 6 на овој закон“ се бришат.

Член 11

По членот 16 се додава нов член 16-а, кој гласи:

„Член 16-а

За оружјето од Б, Ц и Д категорија што се поседува од физичко или правно лице без издадена исправа за оружјето предвидена согласно со одредбите од овој закон и Законот за набавување, поседување и носење на оружје („Службен весник на СРМ“ број 25/72, 30/72, 18/76, 26/76, 15/83, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија“ број 26/93 и 49/2003), надлежниот орган врз основа на лично барање на физичкото или правното лице издава дозвола за оружје, дозвола за поседување на оружје и потврда, ако физичкото лице ги исполнува условите од членот 9 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 6 и 7 и ставот 2 од овој закон, односно правното лице ги исполнува условите од членот 16 став 1 точка 1 и ставот 2 од овој закон.

Оружјето од ставот 1 на овој член не смее да потекнува од извршување на кривично дело, односно да било наменето или употребено за извршување на кривично дело, да не е во сопственост на друго физичко или правно лице и ознаките на оружјето да не се оштетени или уништени.

Доколку физичкото лице не ги исполнува условите од членот 9 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 6 и 7 и ставот 2 од овој закон, односно правното лице не ги исполнува условите од членот 16 став 1 точка 1 и ставот 2 од овој закон, тогаш Министерството за внатрешни работи донесува решение со кое се одбива барањето за издавање оружје, дозвола за поседување на оружје и потврда.

Против решението од ставот 3 на овој член, физичкото, односно правното лице има право на жалба до Комисијата, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Министерството за внатрешни работи го повикува физичкото, односно одговорното лице во правното лице доброволно да го предаде оружјето од ставот 1 на овој член во најблиската полициска станица до местото на нивното живеалиште, односно местото на седиштето на правното лице, во рок од 15 дена од правосилноста на решението.

При доброволното предавање на оружјето од ставот 5 на овој член нема да се врши идентификација и евиденција на лицата кои доброволно го предале оружјето и против истите нема да биде водена кривична или прекршочна постапка.“.

Член 12

Во членот 17 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (во натамошниот текст: комисија)“ се заменуваат со зборот „Комисијата“.

Член 13

Членот 18-а се брише.

Член 14

Во членот 19 став 3 зборовите: „или спортско“ се бришат.

Член 15

Во членот 21 став 1 зборовите: „од пет“ се заменуваат со зборовите: „до пет“.

Во ставот 2 зборовите: „може да биде продолжена“ се заменуваат со зборовите: „се продолжува“, а зборовите: „два месеца пред“ се заменуваат со зборовите: „до денот на“.

Во ставот 5 по зборовите: „поседување на оружје“ запирката се брише, а зборовите: „со која оружјето не може повеќе да се употребува“ се заменуваат со зборовите: „за кое е издадена потврда за трајно онеспособување на оружјето, согласно со одредбите од членот 51-а од овој закон“.

Член 16

Во членот 22 став 2 зборовите: „два месеца пред“ се заменуваат со зборовите: „најдоцна до денот на“.

Член 17

Во член 23 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Дозволата за носење на оружје од ставот 2 на овој член содржи лични податоци и фотографија за работникот за обезбедување.“.

Во ставот 3 кој станува став 4 зборовите: „два месеца пред“ се заменуваат со зборовите: „најдоцна до денот на“.

Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 5 и 6.

Член 18

Во членот 24 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „со налогот за носење на оружје издаден од правното лице согласно со закон.“.

Член 19

Во членот 27 став 1 зборовите: „Д категорија“ се заменуваат со зборовите: „член 4 став 6 точките 1 и 2“.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Оружјето од членот 4 став 6 точките 3 и 4 може да се набавува од стрелачки или спортски друштва заради вршење работи кои спаѓаат во рамките на нивната дејност.“.

Во ставот 2 кој станува став 3 зборовите: „ставот 1“ се заменуваат со зборовите: „ставовите 1 и 2“.

Член 20

Во членот 39 став 6 зборот „привремено“ се заменува со зборот „трајно“.

Член 21

Членот 41 се менува и гласи:

„Дозволата за оружје, дозволата за колекционерско оружје, дозволата за носење оружје и потврдата за пријавување оружје од Д категорија, ќе се поништат во случај кога:

1) е донесено конечно решение за одземање на оружјето и municијата, дозволата за оружје, дозволата за колекционерско оружје односно дозволата за носење на оружје;

2) одобрението за постојан престој на странец на територијата на Република Македонија престанало согласно со прописите со кои се регулира престојот на странците во Република Македонија;

3) ќе настапи смрт на имателот на дозволата;

4) оружјето е украдено, односно исчезнато или продадено и

5) се исполнети условите од членот 23 став 4 од овој закон.

Дозволата за поседување на оружје и потврдата за пријавување оружје од Д категорија ќе се поништи во случај кога:

1) е донесено конечно решение за одземање на оружјето и municијата, дозволата за поседување на оружјето или

2) правното лице ќе престане да постои или службата за обезбедување која постоела во рамките на правното лице ќе престане да постои.“.

Член 22

Во членот 42 став 1 во точката 3) зборовите: „алинеи 1 и 2“ се бришат.

Член 23

Во членот 43 став 1 по зборовите: „прекршочна постапка за прекршокот од членот 12 став 1 алинеја 2 од овој закон“ се додаваат зборовите: „или ако постојат околностите предвидени во членот 12 став 1 алинеја 3 од овој закон“ а по зборовите: „надлежниот орган“ се додаваат зборовите: „со решение“.

Член 24

Во член 46 ставот 5 се менува и гласи:

„Одобрението од ставот 1 на овој член го издава надлежниот орган, во рок од шест месеци од денот на поднесување на барањето.”.

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Одобрението за производство на оружје и municија за оружје се издава по претходно прибавени мислења од Министерството за одбрана и Министерството за економија.“.

Член 25

Членот 51-а се менува и гласи:

„Трајно онеспособување (деактивирање) на оружје се врши на оружје од Б и Ц категорија.

Трајно онеспособување на оружје вршат трговските друштва со седиште на територија на Република Македонија кои имаат добиено одобрение за производство на оружје и municија или поправање на оружје.

По извршувањето на техничката постапка од ставот 1 на овој член, трговските друштва од ставот 2 на овој член, се должни да издадат потврда дека е извршена техничка постапка за трајно онеспособување на оружјето.

Сопственикот на оружјето што е трајно онеспособено за употреба, е должен во рок од осум дена да ги достави оружјето и потврдата од ставот 3 на овој член, до соодветната комисија во секторот за внатрешни работи формирана од страна на министерот за внатрешни работи, која издава потврда дека огненото оружје е трајно онеспособено за употреба.

Комисиите од ставот 4 на овој член се составени од вработени во Секторот за внатрешни работи за чие подрачје се формира комисијата.

Комисијата од ставот 5 на овој член е составена од претседател и три члена и тоа:

- претседателот и еден од членовите се униформирани полициски службеници,
- еден член е од надлежната организациска единица за оружје и
- еден член е од надлежната организациска единица за криминалистичка техника.

Сопственикот на оружјето трајно ја задржува потврдата за деактивирање на оружјето. Доколку деактивираното оружје е предмет на правен промет, тоа е придружено заедно со потврдата за деактивирање.

Сопственикот на оружјето има право да поднесе приговор против потврдата од ставот 4 на овој член до организациската единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е издавањето на потврдите во рок од 15 дена од денот на приемот на потврдата.

По приговорот одлучува раководителот на непосредно повисоката организациска единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е да одлучува по приговорот, во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот.

За издадените потврди за трајно онеспособување на оружје, Министерството за внатрешни работи задолжително води евиденција со наведување на бројот и датумот на издавање на потврдата.

Евиденциите од ставот 8 на овој член се чуваат 20 години.

Министерот за внатрешни работи со подзаконски акт поблиску ќе ги уреди техничките спецификации за деактивирање на огнено оружје, формата и содржината на образецот за означување на деактивираното оружје и формата и содржината на образецот на потврдата за деактивирање на огнено оружје.“.

Член 26

Членот 51-б се менува и гласи:

„Привременото онеспособување (деактивирање) на огнено оружје се врши со преземање на една од следниве технички постапки, со цел:

- низ цевката на оружјето да се провлече жица, чиишто краеви се поврзуваат со метална пломба (пломбирање),
- онеспособување (блокирање) на чкрапалото на огненото оружје со пломба и
- лежиштето на куршуми на револверот да има еден попречно поставен отвор, со пречник еднаков на калибарот на цевката на оружјето. Лежиштето на куршуми на револверот да биде затворено со метална влошка, која ја опфаќа внатрешноста на цевката.

Привремено онеспособување на огнено оружје можат да вршат трговските друштва со седиште на територија на Република Македонија кои имаат добиено одобрение за производство или поправање на оружје и делови за оружје.

По извршувањето на една од техничките постапки од ставот 1 на овој член, трговските друштва од ставот 2 на овој член се должни да издадат потврда дека е извршена техничка постапка за привремено онеспособување на оружјето.“.

Член 27

Во членот 55 став 1 по зборовите: „муниција и“ се додава зборот „главни“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Трансферот на оружје, муниција и главни делови за оружје преку државната граница, се врши од страна на трговските друштва од ставот 1 на овој член, кои ќе добијат одобрение издадено од надлежниот орган.“.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Одобрение за трансфер на оружје, муниција и главни делови за оружје од категоријата Б и Ц се издава по претходно прибавено мислење од Министерството за надворешни работи и Министерството за одбрана.“.

Во ставот 3 кој станува став 4 во алинеите 2 и 4 по зборовите: „муниција и“ се додава зборот „главни“.

Во алинејата 3 зборот „деловите“ се заменува со зборовите: „главните делови“, а по зборот „калибар“ се става запирка и се додаваат зборовите: „категорија, модел“.

Во ставот 4 кој станува став 5 во алинејата 3 по зборовите: „муниција и“ се додава зборот „главни“.

Ставовите 5, 6, 7 и 8 стануваат ставови 6, 7, 8 и 9.

Член 28

Во членот 56 став 1 по зборовите: „муниција и“ се додава зборот „главни“.

Во ставот 3 во воведната реченица и во алинеите 2, 3 и 4 по зборовите: „муниција и“ се додава зборот „главни“.

Во алинејата 3 по зборот „калибар“ се става запирка и се додаваат зборовите: „категорија, модел“.

Во ставовите 5, 7 и 10 зборот „деловите“ се заменува со зборовите: „главните делови“.

Член 29

Во членот 56-а став 1 по зборовите: „муниција и“ се додава зборот „главни“.

Во ставот 2 во воведната реченица по зборовите: „муниција и“ се додава зборот „главни“.

Во алинејата 2 по зборовите: „муниција и“ се додава зборот „главни“, а по зборот „калибар“ се става запирка и се додаваат зборовите: „категорија, модел“.

Во алинејата 3 по зборовите: „муниција и“ се додава зборот „главни“.

Во ставот 4 зборот „деловите“ се заменува со зборовите: „главните делови“.

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Одобрението за превоз на муниција, надлежниот орган го издава со рок на важење од два месеца од денот на неговото издавање.“.

Во ставовите 5 и 6 кои стануваат ставови 6 и 7 зборот „деловите“ се заменува со зборовите: „главните делови“.

Ставовите 7 и 8 стануваат ставови 8 и 9.

Член 30

Во членот 60 став 3 зборот „повеќекратна“ се брише, а зборовите: „една година“ се заменуваат со зборовите: „два месеца“.

Член 31

По членот 73-а се додаваат два нови члена 73-б и 73-в, кои гласат:

„Член 73-б

На барање на земја членка на Европската Унија, помош за соодветно извршување или проверка на деактивирање на огнено оружје даваат трговските друштва со седиште на територијата на Република Македонија кои имаат добиено одобрение за производство на оружје и муниција и поправање на оружје и имаат овластување за вршење на техничката постапка за трајно онеспособување на оружјето.

Член 73-в

Деактивираното оружје од Република Македонија може да се пренесе во земја членка на Европската Унија, доколку ја има истата заедничка единствена ознака и е придружено со потврда за деактивирање.

Република Македонија ги признава потврдите за деактивирање кои се издадени од страна на земја членка на Европската Унија, доколку истата ги исполнува условите предвидени со овој закон.“.

Член 32

Во член 83-а ставот 2 се брише.

Член 33

Во член 83-б ставот 3 се брише.

Член 34

Дозволите за поседување и носење на оружје, овластување за носење на оружје и дозволите за поседување на оружје издадени по досегашните прописи се заменуваат врз основа на поднесено писмено лично барање за замена на постојните исправи поднесено од физичкото лице, односно правното лице, најдоцна во рок од пет години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Постојните исправи ќе се заменат врз основа на барањето од ставот 1 на овој член поднесено од физичкото лице, односно правното лице, кои се должни да го пријават оружјето на кое се однесува дозволата до надлежниот орган, според живеалиштето, односно престојувалиштето на странецот, односно според седиштето на правното лице.

Член 35

Сопственикот на оружјето од членот 4 став 5 точки 8 и 9 од Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2005, 47/2006, 42/2007, 86/2008, 72/10, 158/11, 119/13, 164/13, 152/15, 193/15 и 55/16) е должен да ја замени потврдата за оружјето со дозвола за оружје, односно дозвола за поседување на оружје, со лично поднесување на барање за заменување на потврдата со дозвола за оружје, односно дозвола за поседување на оружје, во рок од пет години од влегувањето во сила на овој закон.

Член 36

Подзаконскиот пропис од членот 24 од овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 37

Барањето од членот 11 став 1 од овој закон со кој се додава нов член 16-а, може да се поднесе најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 38

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, освен одредбата на членот 25 од овој закон која ќе започне да се применува по влегување во сила на подзаконскиот пропис предвиден во членот 25 став 12 од овој закон.